Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 26/0306
28.02 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 01 февруари 2023 година,врз основа на примена жалба од Драган Антоновски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Текстот со наслов „(ИНТЕРВЈУ) Милевска: Ако бев држач на микрофон на Владата, немаше да го укинат дописничкото место од Брисел“, објавен на порталот на весникот Фокус на 03 јануари 2023 година, не ги прекршил етичките и професионални стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 11 јануари 2023 година, Драган Антоновски поднесе жалба за текстот со наслов „(ИНТЕРВЈУ) Милевска: Ако бев држач на микрофон на Владата, немаше да го укинат дописничкото место од Брисел“, објавен на интернет порталот на весникот Фокус на 03 јануари 2023 година.

Во жалбата се наведува дека во спорната содржина ги има следниве прекршувања: Неточно и нефер известување и незастапена втора страна.

Дополнително, жалителот истакнува дека медиумот, во случајов „Фокус.мк“, не ги зема предвид изјавите на ССНМ и ЗНМ, а воедно не ги зема предвид и изјавите на Драган Антоновски, во случајот засегната втора страна, во својство на директор на Медиумската информативна агенција (МИА), кои неколку дена пред интервјуто биле изнесени во јавноста. Воедно, жалителот укажува дека медиумот не се оградува од изнесените невистини од страна на интервјуираната, којашто во интервјуто упатува клевети и невистини против МИА, новинарите, уредниците и директорот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, стапи во контакт со редакцијата на „Фокус“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Авторката на спорната содржина Катерина Смилева Божиновска, одговори на наводите на жалителот. Таа смета дека жалбата се однесува на новинарскиот жанр – интервју, па оттука „воопшто не е јасно како поднесувачот на жалбата бара во истото да е застапена втората страна“. Покрај тоа, во својот одговор таа тврди дека причина и повод на интервјуто е укинувањето на дописничкото место во Брисел, а одговорите дадени од интервјуираната која била долгогодишен дописник од Брисел се целосно нејзина одговорност, изнесени со име и презиме. Притоа, во одговорот се наведува дека: „„Фокус“ како медиум никогаш нема да се дрзне, ниту да помисли да интервенира во нечии одговори или пак да ги цензурира.“ Кон ова се нагласува и дека, бидејќи во интервјуто биле изнесени обвинувања на сметка на директорот на МИА, Антоновски, уште истиот ден кога е објавеноо интервјуто, редакцијата на „Фокус“ се обратила до Антоновски со цел да му даде простор да одговори на обвинувањата и ставовите наМилевска. Но, наместо одговор, новинарката Божиновска вели дека од Антоновски добила напади со заканувачки тон кон работата на медиумот и со потценување, особено кон неа како помлада новинарка.

Во одговорот на „Фокус“ се приложени копии од комуникацијата со Антоновски на 3 јануари (денот на објавување на интервјуто), остварена преку социјалната мрежа Фејсбук.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

Во расправата што ја водеше за оваа жалба, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира прекршување на правилото за точно и фер известување и за сеопфатно известување, односно застапеност на втора страна.

Оттука, Комисијата не констатира повреда на членовите од Кодексот на новинарите, на кои упатува жалителот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата одржана на 01 февруари 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и изврши увид во спорниот текст. Комисијата заклучи дека се работи за тема од јавен интерес, со оглед на тоа што станува збор за намалувањето на Буџетот за работа на МИА, односно укинување на дописничките места на најголемата новинска агенција во земјава.

Во поглед на наводот од жалбата дека со објавеното интервју медиумот известил неточно и нефер и не вклучил друго спротивставено гледиште, поточно гледиштето на Антоновски како директор на МИА, Комисијата го заклучи следново:

Точното, непристрасно и фер известување подразбира дека медиумот треба постојано се стреми да ја востанови вистината и во поединечните текстови како и во целината на своето известување да ги претстави различните аспекти на темата и гледиштата на различните засегнати страни. Факт е дека медиумот дури и во рамки на едно новинарско интервју, може да ги побара и да ги вклучи гледиштата на различни засегнати страни. Сепак, уредничка одлука на медиумот е со кој новинарски жанр и како ќе ја обработи темата: дали различните гледишта ќе ги претстави во рамки на едно интервју или преку две или повеќе последователни интервјуа, или пак ќе се определи за серија аналитички прилози во кои темата се обработува од сите агли и со сите различни гледишта. Она што е важно е дали медиумот се стреми кон тоа неговите „објави во целина да вклучуваат низа разновидни мислења и притоа ниту една значајна мисловна нишка да не е запоставена или пропуштена.“[1]

Во конкретниов случај, „Фокус“ се определил за новинарско интервју како жанр и на Милевска и дал можност да ги изнесе своите критички ставови за односот на Владата кон МИА, за уредувачката политика на МИА и за работата на нејзиниот директор. Од приложените докази во одговорот на жалбата, Комисијата констатираше дека „Фокус“ веднаш по реализираното

[1] Уреднички насоки на БиБиСи, Точка 1.2 – Нашите уреднички вредности, стр.13. (BBC Editorial Guidelines, 1.2 – Our Editorial Values, p.13). Достапно на: https://www.bbc.com/editorialguidelines/guidelines

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

интервју му се обратил и на директорот на МИА Антоновски со покана да ги изнесе своите гледишта и ставови и да одговори на обвинувањата на дописничката Милевска изнесени во првото интервју. Сепак, Антоновски одбил да го стори тоа. Оттаму, Комисијата смета дека медиумот не направил прекршување на етичкото начело за застапеност на сите спротивставени гледишта бидејќи на Антоновски му било овозможено да ги изнесе своите ставови и одговори на обвинувањата.

Во поглед на наводот од жалбата дека медиумот требало да се огради од изнесените невистини од страна на интервјуираната „којашто во интервјуто упатува клевети и невистини против МИА, новинарите, уредниците и директорот“, Комисијата нагласува дека медиумите не се должни и не треба да се оградуваат од критички говор за теми од јавен интерес. На против, критичкиот говор за работењето и одлуките на институциите на власта и носителите на јавни функции, вклучително и за одлуката на Владата да ги намали средствата за МИА, уредувачката политика на МИА и работењето на нејзиниот директор, е дел од правото на слобода на изразување на сите поединци, но и на самите медиуми кои со отварањето на темата им даваат простор на тие поединци да ги искажат своите критички ставови. Во овој контекст, Комисијата потсетува дека Европскиот суд за човекови права отсекогаш ја истакнувал суштинската улога што ја играат медиумите како „чувар“ во едно демократско општество и нивната задача во пренесувањето информации и идеи за сите прашања од јавен интерес ја поврзувал со правото на јавноста да ги прими[2]. Она што се должни медиумите да направат е да обезбедат во известувањето да бидат застапени и другите гледишта, било со тоа што самите ќе побараат изјава од нив или со тоа што ќе им овозможат право на одговор или исправка.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **едногласно** одлучи како што е погоре образложено.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува медиумот „Фокус“, во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија　　　Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

[2] Водич за член 10 од Европската конвенција за човекови права, дел V. Улогата на „чувар на јавноста“: зголемена заштита, должности и одговорности, стр.53. (Guide on Article 10 of the European Convention on Human Rights, V. The role of “public watchdog”: increased protection, duties and responsibilities, p.13), 31 август 2022. Достапно на: https://www.echr.coe.int/documents/guide_art_10_eng.pdf

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk　info@semm.mk　(02) 3222-595